ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2023 ГОДИНА НА
# УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ Скопје
# СМЕТКА НА БУЏЕТ НА ДОНАЦИИ (785)

01 2024 03 10/4

**Скопје, јули 2024 година**

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Управата за хидрометеоролошки работи, на сметката на буџет на донации (785) за 2023 година.

Со извршената ревизија изразивме мислење со резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај и мислење без резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2023 година.

Не е извршена ревизија, ниту е издаден извештај за годините кои и претходат на годината што е предмет на ревизија на оваа сметка.

Со извршената ревизија на финансискиот извештај и ревизијата на усогласеност на Управата за хидрометеоролошки работи на сметката на буџет на донации (785) за потребите на организирање на настани во 2023 година, утврдивме расходи кои не се во целост поткрепени со комплетна и веродостојна документација.

Од страна на законскиот застапник на Управата за хидрометеоролошки работи не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| 1. Вовед | 1 |
| 2. Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. Основ за мислење со резерва за финансиските извештаи | 3 |
| 4. Законска основа за ревизијата и временски период | 3 |
| 5. Опфат и ограничувања | 4 |
| 6. Одговорност за финансиски извештаи | 4 |
| 7. Одговорност на ревизорите | 4 |
| 8. Одговор на ревидираниот субјект | 6 |
| Финансиски извештаи за 2023 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 7 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| Вовед | 8 |
| Сметководствени политики | 8 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 9 |

## Список на кратенки

| | |
|---|---|
| УХМР | Управата за хидрометеоролошки работи |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:22-138/18**
**Дата: 23.07.2024**

## 1. Вовед

Орган на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на хидрометеоролошката дејност е Управата за хидрометеоролошки работи, како орган на државната управа во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

УХМР во мај 2023 година склучила Договор за донација со Светската метеоролошка организација за организирање настан - Прв состанок на Комитетот за менаџирање на програмата за управување на систем за брзи поплави и Втора меѓународна работилница на управување на систем за брзи поплави за која намена е и отворена оваа сметка за донација.

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- Финансискиот извештај на страна 10 на Управата за хидрометеоролошки работи, за 2023 година на сметката на буџет на донации (785), Биланс на приходите и расходите, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансискиот извештај.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансискиот извештај на Управата за хидрометеоролошки работи, на сметката на буџет на донации (785) за 2023 година, со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.1. финансискиот извештај ги прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, приходите и расходите на Управата за хидрометеоролошки работи на сметката на буџет од донации (785) на ден 31 декември 2023 година како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансискиот извештај на Управата за хидрометеоролошки работи за 2023 година, на сметката на буџет од донации (785) во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

## 3.1. Основ за мислење со резерва за финансиските извештаи

3.1.1. За организирање на настан на тема: „Управување на систем за брзи поплави“ од страна на Светската метеоролошка организација, доделени се средства во вкупен износ од 650 илјади евра[1], за што во јуни 2023 година, организирани се две работилници. За реализација на настаните спроведена е постапка за прибирање на понуди без објавување на оглас и склучени се договори со два економски оператора **за** печатење промотивен материјал и за организирање на настани. Трошењето на средствата е согласно правилата на донаторот.

Со увид во сметководствената документација, која е доставена од страна на економските оператори утврдивме расходи во вкупен износ од 30.027 илјади денари кои не се во целост поткрепени со комплетна документација, и тоа:

- за печатење промотивен материјал и набавка на ситен инвентар во износ од 782 илјади денари не се приложени докази за прием (испратница/приемница) и издавање од лицата кои ги примиле материјалите;
- за организирање на настани (авионски карти, транспорт, изнајмување конференциски сали, кетеринг, угостителски и хотелски услуги) во висина од 29.245 илјади денари, не е доставена целосно потполна поткрепувачка документација (испратници, договори, боардинг тикети, список на хотелски гости, транспорт) како доказ за реално направените расходи.

Истакнуваме дека согласно надлежните лица, донаторот - Светската метеоролошка организација нема забелешки и укажувања на поткрепувачката документација за одржување на настанот.
Плаќањата врз основа на документација која не е комплетна не е во согласност со член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и создава можност од не соодветно користење на средствата добиени од донација.

**Препорака**
Одговорното лице при организирање на донаторски настани признавањето на расходите и одобрувањето на плаќањата на обврските да го врши врз основа на веродостојна и комплетна документација.

## 4. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

[1] Не потрошените средства во износ од 146 илјади евра кои се вратени на СМО на 10.08.2023 година

Ревизијата е спроведена во периодот од 01.03.2024 до 22.05.2024 година, кај Управата за хидрометеоролошки работи на сметката на донации (785), од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државен завод за ревизија не е извршена ревизија на оваа сметка, ниту е издаден извештај за годините кои и претходат на годината што е предмет на ревизија.

## 5. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 6. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на субјектот Управата за хидрометеоролошки работи, застапувано од:

- Ивица Тодоровски, в.д. директор од 15.02.2022 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 7. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и

неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на УХМР, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

## 8. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој нацрт извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот Управата за

хидрометеоролошки работи одржан на ден 15.05.2024 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на законскиот застапник на Управата за хидрометеоролошки работи не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

| СМЕТКА НА БУЏЕТ НА ДОНАЦИИ (785) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| **БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2023 година** | | | | |
| | | | | |
| | | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2023** | | **2022** |
| | | | | |
| **Приходи** | | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 30.837 | | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **30.837** | | **0** |
| | | | | |
| **Расходи** | | | | |
| **Тековни расходи** | | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 30.837 | | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **30.837** | | **0** |
| | | | | |
| **Вкупно расходи** | | **30.837** | | **0** |
| | | | | |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | | **0** |
| | | | | |
| **Нето вишок на приходи** | | **0** | | **0** |